Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 03-186/2
28.10.2020 год.
с. МАЛО КОЊАРИ ПРИЛЕП

# З А П И С Н И К

## За позитивно одговорено барање за пристап на информации од јавен карактер

До ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари – Прилеп, пристигнато е барање за пристап до информации од јавен карактер од Здружение за човекови права ОД НАС ЗА НАС - Скопје, заведено под бр. 03-186/1 од 21.10.2020 година, пристигнато на e-mail адресата од училиштето, а кое е во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101 од 22.05.2019 година).

Барањето за пристап до информации од јавен карактер ги содржи сите елемнти наведени согласно Законот и се однесува на информацијата:

1. Училиштето набавува средства за одржување на хигиена ( течен сапун, дезинфекциони средства за раце, средства за чистење и дезинфекција на другите површини во училиштето) согласно Планот и Протколот за одржување на наставата во Основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година од Влада на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.212.2020 година) и Уредбата (Службен весник на РСМ бр. 232 од 27.09.2020 година) за начинот на организирање и реализирање на настававата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта.

2. Набавените дезинфициенти Бактосал, Дезинтал, Екосал форте се во согласнот со законските прописи и истите се произведени од Алкалоид Скопје и за истите поседуваме сертификати.

3. Од особена важност ни е заштитата на здравјето на учениците и вработените во училиштето, па поради тоа се води посебна грижа средствата кои се набавуваат за дезинфекција да се од реномирани производители кои гарантираат за квалитетот и безбедноста при користење на истите, а воедно да бидат одобрени и од Санитарен и здравствен инспектор.

4. Со записници од санитарна инспекција број ИП1 09-2328 од 19.08.2020 година и ИП1 09-3161 од 07.10.2020 година констатирано е дека дезинфекционите средства кои ги користи училиштето се безбедни и дека истото има навремено извршена дезинфекција од страна на Центарот за јавно здравје – Прилеп, како и тоа дека се запазуваат сите безбедносни мерки согласно на протоколот за одржување на настава во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година.

Имателот на информациите од јавен карактер при ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, претставувано од одговорното лице, Ирена Кироска – директор на ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп и секретарот на училиштето, Виолета Димеска како службено лице за посредување на информациите од јавен карактер веднаш постапи согласно Законот и одговори позитивно на Барањето во електронска форма.

Записникот е изработен на ден 28.10.2020 година.

Записничар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

/ Виолета Димеска /

Имател на информации од јавен карактер
во ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп
Одговорно лице

/ Ирена Кироска /

Република Северна Македонија · СТРАШО ПИНЏУР · с.Мало Коњари, Прилеп · Општинско основно училиште